


# Презентација на нова здравствена метода или постапка, стекнати во текот на стручното оспособување и/или стручното усовршување во странство

прим. Др. Јован Ѓорѓиевски  спец. по нуклеарна медицина
Клиничка болница Битола

- Врз основа на Програмата за едукација  на лекари и медицински персонал за 2014 год Министерството за здравство на Р. Македонија донесе решение за моја обука во странство  во периодот од 18.10.2014  до 14.11.2014 год во болницата Токуда – Софија ( Р. Бугарија) во одделот за Ендокринологија  на тема ТИРОИДНА ПАТОЛОГИЈА – дијагностика и терапија.

- Одделот за ендокринологија во болницата Токуда има свој амбулантски и стационарен дел. Во стационарниот дел редовно присуствував на главните утрински визити ( вторник и четврток ) додека најголемиот дел го проведов во амбулантскиот оддел каде се запознав со нивниот начин на дијагностика и терапија на тироидните болни.





- Од сето што го видов за време на мојот едномесечен престој мое мислење е дека скоро и да не постои суштинска разлика во начинот на дијагностика и терапија на  тироидните болни со исклучок на ендокрината офталмопатија каде нашиот начин на лекување е далеку поконзервативен при што се применува орална гликокортикоидна терапија со таб. Преднизолон проведено во доза 100 мг/24 часа 7 дена и по 10 мг до крајот на 3 месец, со многу почести страни ефекти, вклучувајки остеопороза.

- За разлика од нас тие користат современа шема на лекување на ендокрината офталмопатија / CONSENSUS – EUGOGO 2008 / при што терапијата се дава интравенски во инфузија
- 1-ВА  шема на пулс терапијата е со метилпреднизолон:  7,5 – 15 мг/кг/24 часа двократно во денот во интрвал преку 2 седмици во рок од 2 – 3 месеци.
- 2-РА  шема :  метилпреднизолон  500 мг интравенски во инфузија еднаш седмично  во рок од 6 седмици , проследувани од 250 мг за уште 6 седмици.
- Кумулативната доза на метилпреднизолонот не смее да надминува  8 грама.
- Ефикасноста на пулс терапијата е 65 – 80 % при значително мал ризик од несакани ефекти.




A
B


Thyroid Ophthalmopathy Surgery

- Лесните форми на ендокрината офталмопатија ние како и тие ги лекуваме симтоматски , додека средно тешките и тешките форми покрај предходно наведената пулс терапија тие користат зависно од синптоматологијата и телегаматерапија и хирушка орбитална декомпресија.
- Од сето погоре изнесено произлегува дека секоја новост која ке се слушне  и научи за време на едукацијата  па макар била и минимална  е од голема корист како за лекарот  така и за пациентот како краен корисник на здравствената услуга.